Средствата се наменети за партиципација во обезбедување на функција на 46 национални спортски федерации, во кои се здружени повеќе од 1.500 спортски клубови, а се насочени: за партиципација за стручна работа; функција на органи и тела во федерациите; обезбедување на стручна подршка во обезбедување на функционирање на националниот систем на натпревари во трети и четврти степен на натпревари.

2. Партиципација за финансирање на други корисници од спортот, за кои се утврдени износ од 7.500.000, 00 денари.

Средтвата се наменти за програмите на дел од националните спортски федерации и општинските спортски сојузи, кои предвидуваат активности со кои се опфќаат училишниот и студентскиот спорт, спортот за лицата со инвалидитет и спортот за сите.

3. Партиципација за финансирање на проекти од областа на спортот, за кои се утврдени во износ од 1.500.000,00 денари.

Поддршка и промоција на проекти на спортски клубови и здруженија, кои ќе промовираат и реализираат активности со кои спортот ќе се користи како средство за воспитување и водење на младите како основна алтернатива во борба против пороците и несаканите појави кај младите. Ќе се поддржат и проектите кои ќе придонесат за социјална кохезија меѓу младите.

4. Партиципација за финансирање на спортски клубови за остварени резултати во националниот систем на натпревари, за кои се утврдени во износ од 15.000.000,00 денари.

Со оваа ставка се подржуваат спортските клубови кои оствариле пласман и се рангирани како најуспешни во националниот систем на натпревари. Националните спортски федерации, во зависност од системот на натпревари по завршување на натпреварите до Агенцијата за млади и спорт го доставуваат рангот на клубовите во националниот систем на натпревари, за кои се партиципираат 11 месечни рати во нивните програми. Висината на средствата е утврдена според рангот, а бројот на клубовите е утврден согласно вкупниот број и членови во федерациите. Такво право остваруваат 115 клуба во 30 национални спортски федерации. За дел од специфичните федерации, училишна студентска, за лицата со инвалидитет, воздухопловната, планинарски спортови, се дава месечен надоместок кој се употребува за одржување на системот на натпревари во тие федерации.

5. Партиципирање и подршка на спортски клубови за обезбедување на услови за учество во национален и регионален систем на спортот , за кои се утврдени во износ од 1.000.000,00 денари.

Подршка на спортски клубови за обезбедување на услови за учество во национален и регионален систем на спортот, организиран од националните спортски федерации. Со ова се подржуваат квалитетните спортски остварувања и активностите за зголемување на бројот на млади и граѓани кои се опфатени со тренажниот и натпреварувачки спортски систем во Република Македонија.

**2.Раздел 161.01 – Агенција за млади и спорт**
**Потпрограма 20 спорт,**
**ставка 464 – Разни трансфери**

| Реден број | опис | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на на програми за подршка на талентирани млади спортисти | 9.000.000,00 |
| | Вкупно: | 9.000.000,00 денари |

1. Партиципација за финсирање на програми за поддршка на за спортска специјализација на талентирани млади спортисти , за кои се утврдени во износ од 9.000.000.00 денари.

Средствата се наменети за партиципација за поддршка и промоција на проекти на национални федерации, и спортските клубови кои ќе промовираат и реализираат активности за откривање и рана спортска специјализација на млади

и грижа за млади спортисти во повеќе спортови. Во 2010 година приритет имаат Националната спортска школа, одржување на лига системот за ученици од основните и средните училишта и студентите во националниот систем на натпревари и организацијата на летни школи и кампови во повеќе спортови.

**II. Потпрограма 40 – Меѓународни активности за спорт и млади, ставка ставка 463 - Трансфер до невладини организации**

| Реден број | опис | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации | 20.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање меѓународните традиционални спортски приредби и манифестации | 4.000.000,00 |
| 3. | Партиципација за учество и организација на европски и светски првенства на националните спортски федерации и клубовите кои оствариле право за учество на меѓународни натпревари | 5.000.000,00 |
| 4. | Планирана резерва | 1.000.000,00 |
| | Вкупно: | 30.000.000,00 денари |

1. Партиципација за финансирање на меѓународните програми на националните спортски федерации, за кои се утврдени во износ од 20.000.000,00 денари

Планирана е подршка на програмите на националните спортски федерации за нивно учество во меѓународниот систем на натпревари. Наши спортисти, репрезентации и клубови ќе настапат на регионални првенства, Европски и Светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид на меѓународни натпревари. Со овие средства се партиципира до 7% од програмите на федерациите, што и ги условува да имаат строги критериуми при определувањето да се учествува на некој меѓународен натпревар.

Со дел од средствата, непосредно ќе се финансираат и програмите на спортистите кои со своите резултати се потенцијални кандидати за учество на престојните зимски и летни олмиски игри.

Најголемиот дел од федерациите при определување на интересот за учество се определуваат за настап на балкански првенства и шампионати.

2. Партиципација за финансирање на меѓународните традиционални спортски програми и манифестации, за кои се утврдени во износ од 4.000.000,00 денари.

Во Република Македонија се одржуваат педесеттина традицинални спортски приредби и манифестации. Еден дел од нив се и составен дел на календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации. Свој висок рејтинг во изминатите неколку децении остварија повеќе манифестации со кои се претставивме пред меѓународната спортска јавност и како добри организатори и домаќини. Согласно програмата, во 2010 година ќе бидат подржани околу дваесеттина традиционални спортски манифестации, кои ќе се организираат во нашата земја. Сумата се определува во зависност од бројот на земји учеснички, учесници и квалитетот на натпреварувачите.

3. Партиципација за учество и организација на европски и светски првенства на националните спортски федерации и клубови кои оствариле право за учество на меѓународни натпревари, за кои се утврдени во износ од 5.000.000,00 денари.

Во Република Македонија, очекуваме одржување на на повеќе меѓународни натревари и шампионати, за кои се планирани ограничени средства за партиципација. Поради големиот интерес на националните федерации за ораганизација на меѓународни натревари, определба е најголемиот дел од средствата да го обезбедат сами.

4. Планирана резерва за кои се утврдени во износ од 1.000.000,00 денари.

Во текот на 2010 година планирано е учество на повеќе репрезентации и спортисти на меѓународната сцена при што очекуваме остварување на високи спортски резултати за што и се предвидени еднократни награди. Покрај ова ќе се подржат активности и натпревари кои неможе да се предвидат однапред.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6837/1-09
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

**171.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 88/08 и 115/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.01.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ГЕОЛОШКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ - (ГИС) ЗА 2010 ГОДИНА

I

Со оваа Програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирањето на Геолошко информативниот систем (ГИС) за 2010 година.

II

Средствата за финансирање на позициите предвидени во Програмата за Геолошки инфораmативен систем (ГИС) за 2010 година се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2010 година во износ од 2.500.000,00 (два милиона и петсто илјади денари), раздел 10001, програма 2, потпрограма 20 - искористување на природните ресурси, категорија – 48 – капитални расходи, ставка – 482 (други градежни објекти).

Предвидените средства се за докомплетирање на системот а се однесуваат на следните позиции:

| Ред. број | Вид позиција | Цена денари |
|---|---|---|
| 1 | Надградба на ГИС софтвер за минералните суровини | 1.600.000,00 |
| 2 | Обука за користење на ГИС ситемот во минералните суровини | 400.000,00 |
| 3 | Развој на WEB интегрирано решение за целосно менаџирање на GIS системот преку INTERNET EKSPLORER | 500.000,00 |

III

Распоредот на средствата по одделни проекти ќе ги врши Министерството за економија врз основа на Договори со изведувачите согласно дел II став 2 од оваа програма.

IV

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализираната Програма за Геолошкиот информативен систем за 2010 година, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31 јануари 2011 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51 - 273/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**172.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје УП Број 07-6 од 11.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје заради усогласување на работењето на основаните друштва за управување со фондови согласно член 149 од Законот за инвестициски фондови.

2. Измените и дополнувањата од точка 1 на ова решение се вршат врз основа на Одлука број 03-183/1 од 27.11.2009 година за измена и дополнување на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје донесена на ден 27.11.2009 година од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во "Службен Весник на Република Македонија".

УП 1 Број 07-6 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**173.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје УП 1 број 07-6 од 11.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на лицето Велко Велковски, роден на ден 02.12.1977 година година во Скопје, за извршен член на Одборот на директори односно Главен извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицето Велко Велковски, согласно Одлуката бр. 03/185/2 од 01.12.2009 година, се дава со времетраење како мандатот на постоечкиот состав на членовите на Одборот на директори, утврден со Одлука бр. 03-77 од 25.11.2008 година и Решение на КХВ бр. 07-4911/4 од 19.12.2008 година.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицето од точка 1 на ова решение од функцијата извршен член на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП 1 Број 07-6 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**174.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје УП 1 број 07-6 од 11.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. НЕ СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за именување на Марина Макенациева, дипломиран економист од Скопје, за извршен член, односно Извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови Сава Инвест АД Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП 1 Број 07-6 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**175.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје УП 1 број 07-7 од 14.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на лицето Горан Марковски, роден на ден 10.10.1975 година година во Скопје, за извршен член на Одборот на директори

односно Главен извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицето Горан Марковски, согласно Одлуката бр. 02-716/2 од 02.12.2009 година, се дава со времетраење од 4 (четири) години.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицето од точка 1 на ова решение од функцијата извршен член на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Број 07-7 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**176.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје УП 1 број 07-7 од 14.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. НЕ СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за именување на Андреј Пулејков, магистер по економски науки од Скопје, за извршен член, односно Извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Број 07-7 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**177.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје УП Број 07-8 од 14.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје заради усогласување на работењето на основаните друштва за управување со фондови согласно член 149 од Законот за инвестициски фондови.

2. Измените и дополнувањата од точка 1 на ова решение се вршат врз основа на Одлука бр. 02-716/1 од 02.12.2009 година за измена и дополнување на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје донесена на ден 02.12.2009 година од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Број 07-8 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**178.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови КД ФондовиАД Скопје УП Број 07-9 од 15.12.2009 година, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови КД Фондови АД Скопје заради усогласување на работењето на основаните друштва за управување со фондови согласно член 149 од Законот за инвестициски фондови.

2. Измените и дополнувањата од точка 1 на ова решение се вршат врз основа на Одлука бр. 03-032 од 10.12.2009 година за измена и дополнување на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови КД Фондови АД Скопје донесена на ден 10.12.2009 година од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

УП 1 Број 07-9 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

**179.**

Комисијата за хартии од вредност, постапувајќи по известувањето од брокерската куќа ВИП АД Скопје за донесена Одлука за престанок на брокерската куќа, врз основа на член 132 и член 232 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 223 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ број 38/2005 и 110/2008), на својата седница одржана на ден 11-01-2010 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Постапката поведена пред Комисијата за хартии од вредност врз основа на известување од брокерската куќа ВИП АД Скопје за донесена Одлука за престанок на брокерската куќа, поднесено на ден 28-12-2009 година, СЕ ПРЕКИНУВА.

2. Постапката ќе продолжи откако брокерската куќа ВИП АД Скопје ќе постапи по Решението за отстранување на утврдени неправилности и незаконитости број 08-40/5 од 11-01-2010 година и до Комисијата за хартии од вредност ќе достави извештај за преземените мерки за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости.

Бр. 08-40/4 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**180.**

Врз основа на член 184 точка а), е) и з), член194 и член 205 став 2, алинеја в) и ѓ), став 3 и 4 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на РМ” број 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА неправилност во работењето на брокерската куќа “ВИП” АД Скопје во смисла на член 205 став 2, алинеја в) и ѓ) од Законот за хартии од вредност заради непочитување на одредбите од член 99 и член 100 став 1 од Законот за хартии од вредност, непочитување на членовите 4, 5 и 6 од Правилникот за структурата и начинот на пресметката на основната главнина на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност („Сл. весник на РМ“ бр.122/06), и на членовите 2 и 3 од Правилникот за определување на износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контрола на ликвидните средства на брокерска куќа и овластена банка со дозвола за работење добиена од Комисијата за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.52/2006) односно заради неодржување на средствата на основната главнина и на ликвидните средства во периодот помеѓу 28.12.2009 година и 08.01.2010 година и заради склучување на договор за позајмица помеѓу брокерската куќа ВИП АД Скопје и акционерот Игњатов Љубен.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА брокерската куќа “ВИП” АД Скопје во рок од 10 дена од денот на приемот на ова решение, да ги отстрани утврдените неправилности во точка 1 од истото со тоа што во секој момент ќе ја поседува и ќе ја одржува пропишаната висина на средствата на основната главнина и ликвидните средства, согласно решението на Комисијата за хартии од вредност број 07-4274/3 од 24.11.2008 година за што до Комисијата за хартии од вредност ќе достави извештај за преземените мерки за отстранување на утврдените неправилности како и доказ за раскинување на склучениот Договор за позајмица помеѓу брокерската куќа ВИП АД Скопје и акционерот Игњатов Љубен.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА брокерската куќа “ВИП” АД Скопје по приемот на ова решение на дневна основа да доставува доказ до Комисијата за хартии од вредност за одржување на средствата на основната главнина и ликвидните средства до настанување на правните последици од спроведувањето на ликвидацијата на брокерската куќа ВИП АД.

4. СЕ ЗАБРАНУВА брокерската куќа “ВИП” АД Скопје да располага со средствата на основната главнина како и со ликвидните средства се до настанување на правните последици од спроведувањето на ликвидацијата на брокерската куќа ВИП АД.

5. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-40/5 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**181.**

Врз основа на член 194 став 1 и 5, член 197 став 1 алинеја в) и член 206 став 1 алинеја е) и ж) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 99 и член 100 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 11.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ИЗРЕКУВА привремена забрана на брокерската куќа "ВИП" АД Скопје за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, во времетраење од 30 работни дена, поради непочитување на одредбите од член 99 и член 100 став 1 од Законот за хартии од вредност, непочитување на членовите 4, 5 и 6 од Правилникот за структурата и начинот на пресметка на основната главнина на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност (Службен весник на РМ број 122/06) и на членовите 2 и 3 од Правилникот за определување на износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контрола на ликвидните средства на брокерска куќа и овластена банка со дозвола за работење добиена од Комисијата за хартии од вредност (Службен весник на РМ број 52/06), односно заради неодржување на средствата на основната главнина и на ликвидните средства во периодот помеѓу 28-12-2009 година и 08-01-2010 година и заради склучување на договор за позајмица помеѓу брокерската куќа ВИП АД Скопје и акционерот Игњатов Љубен, со што брокерската куќа не постапила во согласност со Решението на Комисијата за хартии од вредност број 07-4274/3 од 24-11-2008 година.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје по приемот на ова Решение, привремено да ја исклучат од членство брокерската куќа "ВИП" АД Скопје додека трае забраната согласно точка 1 од изреката на ова решение.

3. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на РМ".

Бр. 08-40 /6 Комисија за хартии од вредност
11 јануари 2010 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**182.**

Врз основа на член 95, член 194 став 1 и 5 и член 205, а во врска со член 184 точка а), е) и з) од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" број 95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 22-12-2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА неправилност во работењето на Стопанска Банка АД Скопје, Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги во смисла на член 205 од Законот за хартии од вредност, бидејќи Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска Банка АД Скопје обавувала услуга со хартии од вредност, нормирана со член 94 точка з) од Законот за хартии од вредност "чување на хартии од вредност што вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и др. услуги со хартии од вредност по налог на клиент (исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично", за која Стопанска Банка АД Скопје, Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги, нема добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Стопанска Банка АД Скопје, Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение, да ја отстрани утврдената неправилност во точка 1 од истото и до Комисијата за хартии од вредност да достави Барање за добивање дозвола за обавување на услугата со хартии од вредност "чување на хартии од вредност што вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и др услуги со хартии од вредност по налог на клиент (исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично " нормирана со член 94 точка з) од Законот за хартии од вредност.

3. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-912/9-2 Комисија за хартии од вредност
22 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**183.**

Судскиот совет на Република Македонија по правосилно спроведената постапка согласно со член 58 од Законот за Судски совет на Република Македонија, врз основа на член 41 став 2 од Законот за судовите, го објавува следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се разрешува од вршење на судиската функција Цветанка Раневска, судија на Основниот суд Крива Паланка, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција од член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Бр.07-111/1 Судски совет
20 јануари 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**184.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ОД ПРЕВЕНТИВНА И ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ, СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите според кои ќе се утврдува надоместокот (буџетот) за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита.

Член 2

Надоместокот (буџетот) за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита (во понатамошниот текст надоместок), се утврдува на годишно ниво.

Надоместокот се утврдува во рамките на планираните средства за превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита, и болничката здравствена заштита, утврдени во Буџетот на Фондот.

Се утврдуваат следните критериуми за утврдување на надоместокот на здравствените установи:

1. Остварени трошоци во претходната година за обезбеден вид и обем на здравствени услуги од превентивна и итна медицинска помош;

2. Остварениот вид и обем на здравствени услуги во претходната година во специјалистичко – консултативна здравствена заштита, по утврдени цени на здравствени услуги и утврдени референтни цени;

3. Остварен вид и обем на здравствени услуги во претходната година во болничка здравствена заштита (по ДСГ метода за акутни болнички случаи и по утврдени цени на здравствени услуги во болнички услови за останатите болнички случаи);

Врз основа на овие критериуми ќе се утврдува годишниот надоместок за обезбедување на здравствени услуги во превентивната и итната медицинска помош специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 - 24077/7 Управен одбор
18 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Беким Сали**, с.р.

---

**185.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 30.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи („Службен весник на Република Македонија“ број 164/2008, 5/2009, 8/2009, 18/2009 и 158/2009), во членот 2, делот од табелата што се однесува на ДСГ кодот AO6Z Трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа (со цена 215.038 денари), се заменува со следната табела:

| шифра на ДСГ | Вид на ДСГ услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| A06A | Трахеостомија со вентилација поголема од 95 часа | 305.000 |
| A06B | Трахеостомија без вентилација поголема од 95 часа | 35.120 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 - 24504/6 Управен одбор
30 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Беким Сали**, с.р.

---

**186.**

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18.12.2009 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 111/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002, 55/2004, 30/2006, 26/2007, 59/2008, 64/2008, 128/2008, 164/2008, 7/2009, 22/2009, 73/2009, 116/2009, 139/2009 и 140/2009), во членот 5 став 2, алинеја 1 се бришат зборовите: „не постар од шест месеци“.

Во членот 5 став 3 алинеја 3 се менува и гласи:

„лична карта во копија, со согласност на подносителот на пријавата“.

Член 2

Во членот 45, по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, лекови на рецепт може да препишува и дежурниот лекар во дежурната служба на здравствениот дом, односно избраниот лекар кој дежура во дежурната служба што ја организира здравствениот дом според Листата на лекови утврдена со одлука на Управниот одбор на Фондот.“

Член 3

Во членот 47 по ставот 3 се додаваат 3 нови става 4, 5 и 6 кои гласат:

„Дежурниот лекар од член 45 став 4 на овој правилник може да пропише само еден лек на еден рецепт во потребна количина за терапија до осум дена за акутни случаи, со упатство за употреба на лекот.

Рецептот за пропишан лек од став 4 на овој член важи само во денот кога е пропишан лекот од дежурниот лекар.

На рецептот за пропишан лек покрај својот факсимил, дежурниот лекар става и печат на дежурната служба.“

Член 4

Во членот 51 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Дежурниот лекар пропишаниот лек го заведува во здравствената легитимација на осигуреното лице и каде ги запишува датата и количината на пропишаниот лек, факсимилот и печат на дежурната служба.“

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Одредбите на членовите 2, 3 и 4 на овој правилник ќе се применуваат од денот на влегување во сила на правилникот до 31.03.2010 година.

Бр. 02 - 24077/3 Управен одбор
18 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Беким Сали**, с.р.




**П О Р А Ч К А  БР. 9**

Со ова неотповикливо го порачувам изданието под реден број: 1) во ____ примероци; 2) во ____ примероци; 3) во ____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.

Порачател: ____________________________________________________________.
Место: ___________________
ул. ____________________________ бр. ____________, тел./факс _____________

Потпис на порачателот

Во _________, _______2010 година. (М.П.) ____________________

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010009